# Твининг проект: „Зајакнување на среднорочно буџетирање за ефективно управување со јавните финансии“

***Подготовка и дефинирање на кохерентна програмска буџетска структура за државниот буџет***

Во текот на есента 2016 година продолжи спроведувањето на активности со цел дефинирање на новата буџетска програмска структура за буџетот на Република Македонија.

Во периодот 22-26 септември 2016 година, г. Франци Клузер од Словенија спроведе мисија чијашто главна цел беше да се продолжи со креирањето на програмската буџетска класификација, вклучувајќи и дефинирање на цели и индикатори на полето на Социјалната заштита и политиките на пазарот на труд. За време на мисијата се одржаа и состаноци со претставници од Министерството за труд и социјална поликтика, Агенцијата за вработување и Пензискиот фонд, за да се презентираат и разгледаат предлозите за програмска буџетска класификација на политиката Социјална заштита и пазар на труд. Притоа, беше заклучено дека структурата е добро дефинирана и сеопфатна на нивото на програмите, но останува понатаму да се доработи и нивото на потпрограми.



*Состанок оддржан со Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување и Пензиски фонд*

Работата на полето на социјална заштита и политиките на пазарот на труд продолжи и во периодот 04-06 октомври 2016. Во текот на оваа мисија, г. Клузер имаше одделни средби со претставници од различни сектори на Министерството за труд и социјална политика, во согласност со програмските области. Детално се дискутираше во врска со некои отворени прашања за програмската структура, целите и индикаторите кои се користат, или би можело да се користат, по што беа донесени конечни заклучоци, а беше изготвена и финална нацрт верзија на структурата.

Во периодот од 4-9 октомври 2016 година мисија одржа г-ѓа Катја Лаутар од Словенија. Главната цел на оваа мисија беше да се продолжи со креирање на програмската буџетска класификација во рамките на секторот Правда и во рамките на секторот Внатрешна и надворешна безбедност.

Госпоѓа Лаутар продолжи да работи со буџетските аналитичари од Секторот за буџет и фондови, за да се разгледаат и последните коментари и прашања и да се дефинира финалната везија на програмската буџетска класификација за политиката Правда.

Што се однесува до политиката Внатрешна и надворешна безбедност, беа разгледани постоечките стратегии и документи (од сферата на одбраната, внатрешните работи, управувањето со кризи и тн), кои експертката и буџетските аналитичари ги користеа за да се подготви структурата, целите и индикаторите на сите нивоа (политика, програма и потпрограма). Беше организирана и средба со претставници од Министерството за одбрана, за да се провери предложената структура и класификација и да се добијат повратни информации.



*Работен состанок за политика Здравство*

Во периодот од 30ти октомври до 1ви ноември 2016 година мисија спроведе г-ѓа Ирена Ростан од Словенија. Оваа мисија беше посветена на секторот Здравство. Постоечките стратегии и општите насоки за реформи беа земени предвид за да се развие, заедно со буџетските аналитичари од Секторот за буџет и фондови, нацрт класификација која во себе вклучува и цели и индикатори за политиката Здравство.

Проектот е финансиран од Европската Унија

***Прирачник за реформите за програмско буџетирање***

Кога постои програмско буџетирање кое се базира на резултати, голема е веројатноста структурата, целите и индикаторите да станат премногу распространети и разнолики, доколку не постојат строги правила и критериуми со кои системот ќе функционира според принципот на усогласност и едноставност. За време на мисијата во септември г. Клузер почна да работи на дефинирање на критериумите за сите програмски буџетски цели и индикатори.

Активностите на ова поле продолжија и понатаму во текот на есента, со помош на г-ѓа Лаутар, а особено и во периодот од 03-08 октомври 2016 година, кога се одржа мисија со г-ѓа Моника Гепл од Австрија. За време на оваа мисија беше направен првиот нацрт на Прирачникот за програмско буџетирање за буџетските корисници. Идеата е овој прирачник да даде детални упатства и примери за буџетските корисници, на пример, за тоа како треба да се дефинира структурата, целите и индикаторите, како може да се прават мали измени доколку е потребно и како да се врши известувањето.

Беа одржани работни средби за да се разговара за пристапот кој треба да се користи во програмското буџетирање, за нацрт-прирачникот, потребните законски промени, временските рокови и идни обуки. Експертите од Министерството за финансии ќе го разгледаат предложениот Прирачник и ќе дискутираат за некои отворени прашања пред да се одржи следната мисија во јануари.

***MTBF (среднорочна буџетска рамка - СБР) и MTEF (среднорочна рамка на расходи - СРР)***

Во текот на 2016 година беше изготвен извештај за активноста 2.1, чијашто цел беше да се процени моменталната состојба со фискалните правила и среднорочното планирање на буџетот и да се подготват препораки во вид на чекори за спроведување на реформата. Краток преглед на извештајот е објавен на веб страната на Министерството за финансии: http://finance.gov.mk/files/u6/Summary%20of%20the%20report%202.1%20MK.pdf.

Во текот на месец октомври-ноември извештајот беше детално разгледан заедно со Министерството за финансии. На крајот на октомври 2016 година, се одржа мисија со г. Сами Јаултинен од Финска и г. Бенедикт Гамилшег од Австрија. Основната цел на мисијата беше да се одлучи каков ќе биде пристапот за СБР и СРР врз основа на дадените препораки од Извештајот за активноста 2.1. За време на мисијата беа организирани работни средби со Секторот за буџет и фондови и при што се презентираа и разгледуваа препораките на експертите. Важно е да се потенцира дека од оваа дискусија произлегоа и прелиминарните одлуки во однос на пристапот за СБР и СРР, што пак е многу значаен чекор пред да се започне со подготовка на Прирачникот и да се предложат измени на законската регулатива.

Во периодот од 14-18 ноември 2016 година, г. Бенедикт Гамилшег и г-ѓа Карин Фораусер Мишер од Австрија престојуваа во Р.Македонија со цел да изготват упатство / прирачник за среднорочно буџетирање (ќе има два прирачника чиишто содржини во голема мера ќе се преклопуваат - еден за буџетските корисници и еден за Министерството за финансии). Првиот прирачник којшто експертите почнаа да го подготвуваат ќе служи како насока за буџетските корисници. Целта е да се даде вовед во рамката за фискалните правила, да се објасни среднорочната рамка на расходи, како и да се дадат детални инструкции за постапките, процесот и временската рамка. Истиот треба да даде, на пример, практично упатство за тоа како да се изготви основно сценарио за расходи. Прирачникот ќе се користи за време на обуките за буџетските корисници.

***Продолжување на претходно започнатите активности за подобрување на макроекономските проекции и проектирањетро на даночните приходи***

Во периодот 27-29 септември 2016 година беше спроведена мисија од страна на г. Мико Сариола од Финска. Мисијата се фокусираше на унапредување на моделот за макроекономски проекции со цел да се поддржи и подобри среднорочното буџетирање. Интензивно се работеше на кодирање на моделот со R-софтвер, заедно со претставници од Секторот за макроекономска политика на Министерство за финансии, кои се ангажирани во оваа активност уште од самиот почеток. Притоа се дискутираше и се работеше на основните равенки на моделот, и на правење на нови пресметки со користење на најновите податоци и ажурирање на параметрите. Потребно е да се завршат уште неколку домашни задачи за наскоро да биде можно да се тестира моделот така така што ќе се направат проекции за реалната економија и земајќи ги предвид и дефлаторите.

Во периодот 16-23 октомври 2016 година, г. Вели Аувинен од Финска беше во Р.Македонија за да го разгледа моделот за проектирање на даночните приходи од акцизите, особено осврнувајќи се на данокот на тутунските добра. За време на мисијата се дискутираше за најновите измени во областа на акцизи во Финска и Македонија. Финскиот модел за проектирање на приходите остварени од данокот на тутунски добра се користеше како почетна точка, а потоа на истиот беа направени модификации, и ажурирање на коефициенти и податоци, за да се пресмета, на пример, бруто буџетскиот приход од данокот за тутунски добра во Р.Македонија во наредните години. За време на мисијата се разговараше и за тоа како да се реорганизира процесот на изготвување на проекции на приходите. Експертот накратко го презентираше финскиот начин на работа на Работната група за приходи и подгрупите.



*Работен состанок*

## ***Обуки за ЕСА 2010 ГФС методологија***

Во периодот од 25-29 септември 2016 година, г. Мати Око и г. Мика Саинио од Финска спроведоа мисија со која се продолжи со серијата обуки за ESA2010. За време на мисијата во фокус беше секторската категоризација според ESA2010 статистика на владините финансии, при што во рамки на работни групи се дискутираше за голем број на гранични случаи. Покрај тоа, беше дискутирано и за EDP пресметка на долгот,  се направи и првичен преглед на категоризацијата на различните приходи и расходи според ESA2010 GFS.

Вкупно 4 обуки беа организирани за претставниците од Министерството за финансии – Секторот за Буџет и фондови, Секторот за макроекономска политика, Сектор трезор и управување со јавен долг; Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Македонија. На крајот, на учесниците на обуката им беше дадена домашна задача.

Понатаму, во периодот 15-19 ноември 2016 година се спроведе мисја од страна на г. Велиарво Таминен и г-ѓа Марја Павонен од Финска. За време на мисијата беа организирани 4 обуки за претставниците од Министерството за финансии, како и за претставници од Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи и Народната банка на Република Македонија.



*Обука*

За време на првата обука беа презентирани обврските за известување во однос на јавните финансии што една држава членка ги има согласно стандардите и барањата на ЕУ, преку пример на Министерството за финансии во Финска. За време на втората обука, пак беа претставени методите, моделите и податоците за изработка на компатибилна ЕСА 2010 проекција за општата влада врз основа на примерот на Финска.

По ова беа организирани практични обуки со фокус на категоризацијата на различните приходи и расходи според ESA2010 методологијата. Првата сесија се однесуваше на проекција на приходите од даноците, а втората се однесуваше на расходната страна. Во двете сесии како почетна точка беа земени постоечки македонски податоци. Целта беше да се направи практична обука за подготовка на табелата 2 од Економската програма за реформи / Програмата за конвергенција. Поради недостиг на ESA2010 статистички податоци за националните сметки, фокусот на работилницата беше ставен врз препознавање на разликите помеѓу буџетот / податоците од завршната сметка и ЕСА 2010 и врз идентификување на податоците кои се потребни за пополнување на бараните табели за известување.

## ***Состанок на Управниот комитет***

На 14ти септември 2016 година, се одржа третиот состанок на Управниот комитет (УК). Членовите на Управниот комитет имаа можност да разговараат за активностите спроведени во летниот период и планирани за следните 6 месеци од имплементацијата на Проектот. Притоа беше заклучено дека секојдневната добра соработка помеѓу Министерството за финансии, како институција корисник и Твининг проектот и понатаму продолжува, активностите се спроведуваат во согласност со планот за работа и се забележува напредок на полето на сите три компоненти од Проектот.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација  е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот МК11 IB FI 01 и истата на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.